КАЗНЕНО – ПОПРАВНА УСТАНОВА ЗАТВОР – КУМАНОВО
СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА

# *ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КПУ ЗАТВОР – КУМАНОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА*

## *за 2026* **година**

**Куманово, јануари/2026 година**

## *ВОВЕД*

По отворањето и започнување со работа на КПУ Затвор – Куманово во ноември/2013 година основната определба на вработените во Установата е законско, навремено, совесно, грижливо, домаќинско работење, при извршувањето на специфичните и одговорните работни задачи. Во овој контекст, посебен однос вработените ќе имаат на планот на обезбедувањето на притворените и осудените лица, како и ресоцијализација на осудените лица, па во оваа смисла програмираните задачи ќе бидат насочени кон:

- доследно и законито извршување на севкупните дејности на установата;
- создавање на услови за примена на современи воспитни и превоспитни мерки за ресоцијализација на осудените лица согласно Куќниот ред за осудени лица и протоколите како и со примена на принципот на хуманост и индивидуализација во воспитниот и превоспитниот процес;
- почитување на личноста и човековото достоинство на лицата лишени од слобода, зачувување на нивното здравје, телесен и душевен интегритет;
- вршење на обезбедување на установата со човечки потенцијал, како и користење на современи техничко – технолошки средства;
- искористување на моменталните капацитетни услови за сместување на притворените и осудените лица;

Во интерес на ефикасно остварување на функцијата, Затвор – Куманово со отворено одделение во Крива Паланка се обврзува доследно да ги спроведува законските одредби, одредбите на Куќниот ред за осудените, како и Куќниот ред за лицата кои издржуваат мерка притвор и други општи акти, се со цел да се дојде до целосно остварување на целта на извршување на санкциите, односно да на лицата кои издржуваат мерка притвор и казна затвор целосно им биде испочитувана нивната личност и нивниот интегритет и истите по враќањето на слобода да ги исполнуваат должностите на совесни и примерни граѓани на оваа држава.

КПУ Затвор – Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка претставува казнено – поправна установа од полуотворен вид во склоп на која има и притворско одделение, кое ги покрива и опслужа судовите во северо – источниот регион на Република Македонија. Установата располага со сместувачки капацитет за 200 осудени лица и 50 лица кои издржуваат мерка притвор.

### Кадровски потенцијал

Во Затвор – Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка во моментот се вработени **100 лица**, од кои **91** вработени своите работни задачи ги извршуваат во Затвор Куманово, додека преостанатите **9** вработени се распоредени во Отвореното одделение во Крива Паланка.

Во моментот во Затворот Куманово, лоциран во с. Кшање своите работни задачи ги извршуваат **91** вработени и тоа:

- **2 именувани лица**, на работни места Директор и Заменик на Директор на установата;

- **67 извршители во Затворска полиција**;

- **22 вработени со статус на административни службеници и 2 помошно – техничко лице од кои:**

**- 4** вработени се распоредени во Одделението за општи и правни работи при Секторот за општи, правни работи и јавни набавки;

- **2** вработени во Одделение за јавни набавки при Сектор за општи, правни работи и јавни набавки
- **10** вработени во Секторот за ресоцијализација од кои **5** вработени се распоредени во Одделението за третман, а **3** се распоредени во Одделение за стопанско – инструкторски работи, од кои 2 лице има статус на помошно техничко лице;
- **4** вработени се распоредени во Одделението за финансиски прашања и **2** лице е вработено во Одделението за човечки ресурси.

Во Отворено одделение во Крива Паланка своите работни задачи ги извршуваат **9** извршители и тоа:

- **3** лица согласно Правилникот за систематизација на работните места се распоредени Отворено одделение во Крица Паланка, кои се со статус на административни службеници
- **6** извршители распоредени во рамките на Затворска полиција.

Со горенаведената бројка на вработени, управата на установата ефикасно и успешно го менаџира извршувањето на секојденевните работните задачи и предизвици.

Согласно донесените законски и подзаконски акти се врши континуирана обука на сите сектори во Установата, се со цел што е можно подобро познавање на работата.

Во делот на Затворска полиција, минатата 2025 година не беше организирано редовно боево гаѓање, истото се планира во 2026 година. Се планираат спортски активности. Во текот на 2025 година беше организирана обука од областа на прва помош и заштита, обука од областа на ПП заштита, со цел припадниците на Затворска полиција да се здобијат со потребните знаења и вештини, а со тоа и поуспешно ги извршуваат своите работни задачи.

Во првиот квартал од 2026 година, Установата планира задолжителен систематски преглед за вработените. Согласно законски утврдените одредби, на вработените во цивилниот сектор ке им бидат направени здравствени прегледи кои влегуваат во основниот пакет, додека на припадниците на Затворска полиција ке им бидат направени дополнителен психијатриски тест, по кој овластената здравствена установа за овие вработените кои подлежат на дополнителните прегледи изготвува наод дали лицето е способно да ги врши работите за работното место, носење, пристап и употреба на службено огнено оружје согласно член 22 став 6 од Законот за безбедност и здравје при работа.

За вработените во кујната на установата, во магацинот за храна, како и за осудените лица кои што се работно ангажирани околу подготвувањето на храна во затворот се вршат редовни и задолжителни шестмесечни санитарни здравствени прегледи.

Што се однесува до здравствената заштита на осудените и притворените лица, како и претходните години Установата успешно ги имплементира законските одредби, во договор со “Здравствениот дом Куманово”, здравствени работници од оваа установа се распоредени во затворот и ги извршуваат своите работни задачи во вид на пружање примарна здравствена заштита на осудените и притворените лица.

Со спроведување на горе планираните активности ќе се зголеми ефикасноста на работењето на сите сектори во Установата согласно сите законски и подзаконски акти како и европските затворски правила.

Работата во КПУ ЗАТВОР – КУМАНОВО со отворено одделение во Крива Паланка согласно Правилникот за систематизација на работни места е организирана на следниов начин:

Сектор за општи, правни работи и јавни набавки составен од:
-Одделение за општи и правни работи;
-Одделение за јавни набавки;

Сектор за ресоцијализација составен од:
-Одделение за третман;
-Одделение за стопанско – инструкторски работи;

Посебни одделенија:
-Одделение за човечки ресурси;
-Одделение за финансиски прашања;
-Отворено одделение во Крива Паланка и

Затворска полиција.

**СЕКТОР ЗА ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ЈАВНИ НАБАВКИ**

Работата на Секторот за општи, правни работи и јавни набавки се состои во спроведување на нормативно правната функција во насока на зајакнување на системот за законско и транспарентно реализирање на надлежностите на установата што се однесуваат на општи, правни работи и јавни набавки

Во овој сектор систематизирани се 15 работни места, од кои пополнети се 6 работни места во рамките на Одделението за општи и правни работи.

Овој сектор ќе ги врши следните работи и задачи:

- се грижи за уредно и благовремено извршување на сите административни работи, како и чување на архивските податоци и материјали;
- застапување на установата во спорови пред судови, управни спорови, инспекциски и други органи;
- следење на позитивните прописи, и превземање мерки за нивно спроведување, како и подготовка на нацрти на новите општи акти;
- водење на матичната евиденција за притворените лица;
- вршење прием и отпуст на осудени лица и нивна статистичка евиденција;
- вршење на работи на укажување на правна помош на осудените лица;
- одржување во функција на информатичката мрежа и целокупната вградена опрема во установата;
- навремено извршување на годишниот попис;
- грижа за спроведување на јавните набавки за потребите на установата согласно Законот за јавни набавки;
- ќе врши и други работи и задачи од делокругот на установата.

**<u>Одделение за општи и правни работи</u>**

Во рамките на ова одделение работат 4 извршители, при што работите и работните задачи поврзани со матичната евиденција на притворените лица, приемот и отпустот на осудените лица, како и вршење на работи на укажување на правна помош на осудените лица, се извршувани од тројца вработени во Установата, од кои еден извршител ги извршува работите на пружање правна помош на осудените лица, еден извршител е одговорен за вршење на прием и отпуст на осудените лица, како и еден извршител кој извршува работни задачи поврзани со притворското одделение на установата.

Во одделението е распореден еден извршител како виш референт за архивско работење.

Целокупното архивското работење во установата се извршува во согласност со Законот за архивски материјал, како и Уредбата за канцелариско и архивско работење. За оваа цел пред крајот на минатата година донесен е план на архивски знаци, листа на архивски материјал и листа на документарен материјал со рокови за негово чување, за чија примена добиена е согласност од Државниот архив на Република Македонија.

**<u>Одделение за јавни набавки</u>**

Во ова одделение се систематизирани 5 работни места, од кои се пополнети 2 работни места. Установата во делот на јавните набавки функционира успешно и целост се спроведуваат одредбите од Законот за јавните набавки.

**СЕКТОР ЗА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА**

Секторот за ресоцијализација извршува една од основните функции во установата. Работата во секторот за ресоцијализација се состои во развивање и обединување на активности и вршење на работи кои се однесуваат на ресоцијализација на осудените лица. Воспитната работа се одвива согласно посебната програма за превоспитна работа со осудените лица, како и изготвениот третман во приемното одделение од страна на воспитувачите. Во установата во овој сектор во моментот работат **10** извршители од кои **5** вработени се распоредени во Одделението за третман, и **5** вработени се распоредени во Одделение за стопанско – инструкторски работи, од кои што **2** лица со статус на помошно техничко лице.

Содржините, формите, методите и средствата за работа се применуваат индивидуално и групно, во зависност од структурата, карактерната оформеност и криминогеното минато, како и потребите на личноста, во смисла на превоспитување и ресоцијализација.

Трудовата и работната активност се одвива во кругот на установата, како и со организирани работни групи во договор со претпријатијата надвор од кругот на установата, на подрачјето на град Куманово, Свети Николе и Крива Паланка.

Севкупните работни ангажирања ќе бидат организирани со контрола, надзор и соработка на воспитувачите, инструкторите и вработените во Затворска полиција.

Осудените лица кои издржуваат казна затвор во Установата во рамките на нивниот процес на ресоцијализација се работни ангажирани на сите расположливи работни места, при што најголемиот број од нив ја оддржуваат хигиената во просториите и кругот на установата. Одржувањето на хигиената во целокупниот затворски комплекс се извршува со помош на осудени лица, кои се здобиле со отворен третман и се распоредени во отворено одделение во група А. Однапред се изготвува распоред на осудени лица по одредени простории, односно кога и каде ќе се врши чистење на истите. Во изработката на распоредот се вклучени и вработените од Секторот за ресоцијализација кои даваат предлози кои осудени лица адекватно ќе одговорат на предвидениот распоред. Исто така вклучени се и вработените од Затворска полиција околу организацијата т.е. почетокот на работата, текот на истата и на крај контрола на

извршената работа.. Вработените во Секторот за ресоцијализација предложуваат и група од осудени лица кои ќе бидат задолжени да ги одржуваат зелените површини во кругот на затворот, при што истите по извршената обука од страна на хигиеничарот ќе вршат наводнување на зелените површини и нивно уредување. За потребите од уредување на зелените површини во затворот, установата изврши набавка на црева за наводнување, распрскувачи на вода и електрична машина за косење на трева (косилка). Во однос на извршувањето на работните задачи поврзани со перење, сушење и пеглање на постелнината на осудените и притворените лица, истата во моментот се врши со помош на осудени лица, меѓутоа под постојан надзор и контрола на вработена во установата.

Комуналниот отпад се собира во канти за отпадок, а потоа истиот во текот на денот се складира во контејнер (т.н. корпа) кој се наоѓа кај пречистителната станица на влезот во затворот. По извршеното полнење на контејнерот, еднаш до два пати неделно го повикуваме Јавното комунално претпријатие “Чистота и Зеленило” од Куманово, која испраќа возило да го земе и да го однесе комуналниот отпад на депонија. Правата и обврските со Комуналното претпријатие “Чистота и Зеленило” од Куманово се регулирани со посебен договор.

Од причини што во склоп на затворот секојдневно се создава и медицински отпад како резултат на пружената примарна здравствена заштита, истиот се складира согласно прописите во картонски кутии за медицински отпад кои потоа носат во Здравствениот дом во Куманово.

Во однос на останатите работни места, одреден број на осудените лица се анажирани во кујната на затворот како помошници на готвачот, потоа во затворската библиотека, котлара, како општи работници кои го одржуваат пристапниот пат кон установата и друго.

Одреден број на осудени лица се ангажирани и работат во други установи или правни субјекти, согласно упатството за работно ангажирање на осудените лица надвор од установата.

Посебно внимание се посветува на ажурирање и благовремено сочинување на пенелошко – педагошка документација, каде ќе се регистрираат и евидентираат постигнатите резултати на превоспитен план.

Од оформената документација и други сознанија се врши проценка на ризик на осудените лица, давање третман и распоредување во групи на осудените лица. Потоа се дава оценка изразена во карактеристика – податоци, што ќе се доставуваат до соодветните орани за користење на правните институти: помилување, условен отпуст, вонредно ублажување, прекин на казна и друго.

Секторот за ресоцијализација на основа на Програмата за превоспитна работа, програмира примена на такви содржини за работа, со кои се врши покривање на севкупното работно и слободно време, особено во попладневните часови, кога доаѓаат до израз самоорганизираните активности од осудените лица. За осудените лица кои немаат завршено основно образование ќе се организираат курсеви за завршување на основното образование. Во самата институција иако се предвидени две училници за обука и образование на осудените лица, истата се уште не е започнато да се спроведува поради немање на вработен кој би го спроведувал образовниот процес, како и соодветна воспитно – наставна програма, изготвена од надлежен орган.

Во рамките на Установата функционира затворската библиотеката, при што осудените лица секојдневно земаат книги на реверс, ги читаат во слободното време, по што повторно ги враќаат во библиотеката. Во моментот библиотеката брои над 2000 наслови, која бројка се надеваме оваа година да ја зголемиме со повторно испраќање барања за отстапувања на книги до националните библиотеки и издавачки куќи.

Во рамките на затворот изграден е спортски терен на кој постојат идеални услови за организација на спортски активности за осудените лица. Спортскиот терен располага со игралиште за мал фудбал, како и два коша наменети за играње на баскет. Истите максимално се користат од страна на осудените лица во попладневните часови. Во склоп на установата постои и фитнес сала која располага со фитнес справи и маса за играње на пинг понг, кои исто така масовно се употребувани од осудените лица.

Детално разработена програма за работа на Секторот за ресоцијализација Ви доставуваме во продолжение на текстот:

**<u>Одделение за третман</u>**

**Вовед**

Програмата за превоспитна работа на СЕКТОРОТ ЗА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА претставува обид за стручно разработување на целта, содржините, формите, методите и принципите кои се користат во организираната работа со осудени лица во текот на издржувањето на казната затвор. На основа на научни и современи сознанија во севкупните односи во процесот на ресоцијализацијата на осудените лица, треба да се постигне целта и по претстојот во казнено - поправната установа, истите да се вратат како чесни, совесни граѓани и да не го повторат криминалното однесување по издржување на казната.

Согласно Законот за извршување на санкции, а за поуспешно и поквалитетно извршување на целите поврзани со превоспитувањето и ресоцијализацијата на осудените лица кои издржуваат казна затвор во Затворот Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, секторот за ресоцијализација ќе ја програмира и планира својата работа преку разни:

- Форми (индивидуална, групна работа, интерактивно учење, спортски активности, предавања, курсеви и обуки, забави и разонода);
- Методи (разговор, опсервација, проучување на документација, тестирање, уверување, потикнување, навикнување, натпреварување, спречување);
- Принципи ( индивидуализација, системност на постапност, единство на воспитни влијанија – односно барања, свесност и активност, личноста и личниот интегритет на осудените лица, хуманост и законитост).

Основниот предмет на проучување на специјалната андрагогија или поточно пенологијата е превоспитувањето на осудените лица. Оттука произлегува дека основна цел на пенологијата е да проучува, истражува и пронаоѓа методи, средства и форми со чија помош на најефикасен начин кај осудените лица ќе се развие чувство на одговорност за сопствените постапки, волја за нормален живот, навика за работа и почитување на сеопшта дисциплина.

За остварувањето на оваа цел, пенологијата користи разни научни методи и средства како научни достигнувања на другите науки. Со оглед на тоа да сторителите на кривичните дела, кои се наоѓаат на издржување на казна затвор, во себе носат негативни ставови, делумно или никакво образование, лица кои немаат навики за работа, кои до доаѓањето во установата живееле од средства стекнати од стореното кривично дело (кражби, измама и слично), навикнати на асоцијален живот, алкохоличари, силеџии, наркомани, лица кои користејќи ја својата положба изградиле стандард на сметка на општествениот имот, повеќекратни повторници, психопати, неуротичари и.т.н, може да се согледа колку е тешка и одговорна работата на сите вработени кои го организираат и спроведуваат тој процес на ресоцијализацијата.

Оттука произлегува потреба од изготвување на програма за превоспитна работа со осудени лица, во која методолошки ќе се разработат целите, содржините, методите, формите и средствата на превоспитниот процес, кој не секогаш треба за заврши со завршувањето на казната, односно со престојот на осуденото во казнено-поправна установа.

Секое осудено и казнето лице на казна затвор, независно од должината на казната, психолошки е оптеретено поради издржување на казната во установата. Независноста, специфичните вештачки создадени услови, самоодрекнувањто од низа веќе создадени секојдневни навики, ограничувањето на движењето и слично, претставува посебно психолошко оптеретување.

Сите овие состојби ќе се имаат во предвид при определувањето на третманот, се со цел тое да не остават последици врз психичкиот развој на осудените лица, применувајќи

го принципот на хуманизацијата во извршувањето на воспитните мерки и почитувајќи го личниот интегритет на осуденото лице.

Престојот на осудените лица во затворот Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, секторот за ресоцијализација го осмислува, програмира, планира, организира и исполнува со корисни активности во текот на целата година, кој има за цел да им помогне за успешно враќање назад во општеството и прилагодување на општествените норми.

На секое осудено лице индивидуално ќе му се приоѓа и ќе се третира како индивидуа. Со него ќе се разговара за стореното кривично дело, за неговиот општествен статус, за семејството, за работата и.т.н.

## ЦЕЛИ НА ОРГАНИЗИРАНАТА РАБОТА СО ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

Целите на организираната работа со осудените лица ќе бидат составен дел од секојдневната работа со осудените лица и ќе опфаќаат:

- ✓ Оспособување за комуникација со социјалната и општествената средина;
- ✓ Развивање самоконтрола и одговорност за сопственото однесување;
- ✓ Развивање на способности кои ќе го стимилираат неговиот интелектуален, социјален и емотивен развој се со цел разрешување на сопствените недостатоци;
- ✓ Изградување и усвојување на позитивен и одговорен однос спрема одредбите на Куќниот ред на Затворот, како извор на сите вредности и мерила на сопствениот развој и статус на осуденото лице;
- ✓ Развивање на физичките и здравствените способности;
- ✓ Развивање на желба и волја за работа и способност за рационализација и интеракција во работата и работната култура;
- ✓ Развивање на чувство и смисла за солидарност и подготвеност за соработа во работата и заедничкиот живот во казнено-поправната установа и пошироко;
- ✓ Збогатување на личноста со етнички, морални, естетски, етички и уметнички вредности од културата на нашето творештво и создавање на културни и хигиенски навики;
- ✓ Развивање на хумани меѓусебни односи во затворскиот колектив и оспособување за давање поззитивна оценка на сопствените постапки и однесувањето на другите, од аспект за ускладување на личните и општествените потреби;
- ✓ Почитување на човековата личност и достоинство,како и зачувување на нивното телесно и душевно здравје.

## СОДРЖИНИ НА РАБОТА

### Користење на најсовремени научни методи

Преку користење на најсовремени научни психолошки, педагошки, социјални, криминолошки и други методи најнапред ќе се изврши опсервација на личноста на почетокот од издржувањето на казната.

### Прилагодување на осуденото лице во затворската средина

Вработените во одделението за третман, а и другите вработени ќе настојуваат да кај осудениот го отфрлат чувството на страв, сомнителност и недоверба во условите на живеење, предодредени со Куќниот ред на затворот.

### Помагање на осуденото лице за стекнување на позитивни обрасци на однесување

Со системска и програмирана работа ќе му се помогне на осуденото лице, да наметнатата дисциплина, контрола и надзор, постепено се замени со самодисциплина и да осуденото лице се оспособи само по своја внатрешна сила (изменети навики, ставови,

сфаќања, уверувања, и.т.н), почне да управува со своите постапки и поведение во целина.

Практично ќе се согледа дека применетите содржини, форми и методи на работа имаат терапевтска цел во остранувањето на мотивите за девијатно и криминогено поведение. Применувањето на соодветните содржини во работата со осудените лица, ќе имаат што по непосредна врска со животните услови, односи и ситуации на слобода, на кои осуденото лице треба да се повикува и прилагодува пред отпуштањето од затворот.

**Вредности на воспитување**

Во реализирањето на оваа содржина, ќе се земат во предвид вредностите на моралното, работното, интелектуалното, физичко-здравствено и естетско воспитување како и севкупната ресоцијализација на личноста, претпоставена со изречената пресуда, од аспект наа индивидуална и генерална превенција.

Појдовна основа за примена на индивидуализацијатаа на организираните содржини на работа со осудените лица, ќе биде опсервацијата на личноста, односно емпириското набљудување при самото доаѓање во установат. Ова набљудување ќе го вршат сите вработени скоро од сите служби, а посебно воспитувачот, психологот, психијатарот и затворските лекари. Набљудувањето ќе се сфати како динамичен процес и ќе се спроведува во сите можни ситуации (при посета, работа, во собниот колектив, слободното време), а со тоа ќе овозможи измена и дополнување на првичната прогноза, изготвениот третман и класификација.

**Класификација на осудените лица**

Согласно одредбите од ЗИС тргнувајќи од општите начела определени со судска пресуда, стручниот тим и директорот на установата ја утврдуваат класификацијата, сместувањето, програмата за третман и работното ангажирање на осудените лица.

Во рамките на приемното одделение на затворот, преку примена на организираните форми, содржини и методи на работа од страна на стручниот тим во третманот на осудените лица, ќе се овозможи нивна соодветна класификација.

За таа цел во Затворот Куманово со отворено одделение во Крива паланка, ќе се поаѓа од три појдовни основи:

1. Структурата на личноста осознаена во процесот на опсервација;
2. Можностите за нивно сместување и вклучување во трудова, односно работна активност;
3. Правниот статус (согласно одредбите од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено – поправните установи)

Вака концепираните појдовни основи даваат можност да класификацијата не се врши само на основа на објективни одбележја, туку и на основа на белезите на личноста. При ова не се исклучуваат и другите елементи, како на пример криминогеното минато, видот на стореното кривично дело, начинот, средствата, времето кога истото е сторено, здравствената состојба, возраста и.т.н.

**Образование на осудените лица**

Согласно ЗИС во затворската установа задолжително се организира основно образование како дел на општиот систем на образование и воспитување. Образованието на осудените лица може да се организира во самата установа или во местото на седиштето на установата. Министерство за образование и наука е должно да го организира и финансира основното образование на осудените лица по предлогот на управата.

Осудените лица кои ќе го завршат соодветниот вид и степен на образование им се издава свидетелство кое не смее да се види дека образованието и воспитанието е стекнато во казнено-поправна установа.

За полесно реализирање на сето горенаведено ќе се користат следниве цели, методи и техники:

***ЦЕЛИ***

- Развивање на граѓанската свест;
- Унапредување на стручното образование;
- Развивање на социјалната комуникација во непосредна општествена и социјална средина;
- Односот кон образованието и самата професија;
- Зајакнување на способноста за дознавање на општествените вредности за правилен избор во рамките на одредена област;
- Општествено побудување (преродба).

***МЕТОДИ И ТЕХНИКИ***

- Директно, едноставно, пријателско и јасно предавање проследено со подготвена дискусија;
- Собирање информации и податоци со воведување соодветни методолошки постапки и инструменти;
- Активни методи од типот на динамичната и ,,фамилијарната,, говорна комуникација и туторски начин на работење;
- Играње улоги и интервјуирање;
- Интелектуален тренинг – читање, собирање на информации, пишување и формирање на идеја за целоста на некој проблем од реалниот живот и работата.

***ФОРМИ НА РАБОТА***

Воспитната работа со осудените лица се остварува со посебна грижа за решавање на личните и заедничките проблеми на осудените лица, со поединечни и групни разговори и со примена на соодветни форми на работа:

- Индивидуална
- Групна

**ИНДИВИДУАЛНА РАБОТА**

Самата индивидуална работа е процес во кој директно или на друг начин се работи со осудени лица кои имаат проблеми првенствено со моменталната ситуација во која што се нашле и на кои се настојува да им се пружи помош, која на нив најмногу им одговара се со цел да се зајакне нивното социјално дункционирање по пат на активности кои се насочени кон нивните општествени односи и взаемни дејствувањаа како во рамките на семејството така и во непосредна општествена средина.

Индивидуалната работа со осудените лица ќе се остварува плански и системски, во зависност од профилот на личноста, неговите карактерни и интелектуални особини, степен на образование, интерес за работа и други психосоцијални и здравствени особини.

Преку оваа форма на работа ќе се има за цел, пред се проучување на личноста на осудениот, неговите навики и склоности, емоции и ставови, а во подоцнежниот период развивање на чувство за самоконтрола, самоиницијативност, самостојност, постојаност, чувство на одговорност и совесност и согледување на последиците од стореното кривично дело. Индивидуалната работа ќе се остварува и преку методите кои во почетокот беа спомнати, а посебно ќе дојдат до израз методите на разговор, дијалог, интервју, уверување и поттикнување. Оваа работа воглавно ќе биде организирана и планирана низ повеќе контакти кои ќе имаат за цел подлабоко да се навлезе во душата на осудениот, неговите внатрешни конфротации, емоции и противречности, а со единствена цел да врз основа на ваквите сознанија благовремено и точно да се одредат понатамошните форми и методи како и преземање на други конкретни мерки.

Остварувањето на оваа цел ќе се остварува преку:

- Првиот планиран разговор
- Преку контактите во осуденичката средина
- Разговори во адекватна и дискретна просторија
- Индивидуални и ненаметливи дијалози и
- Преку посета на осудените лица на работното место (во кругот на затворот и надвор од кругот на затворот во организациите, органите и приватните претпријатија).

Овие индивидуални разговори – контакти ќе бидат организирани со единствена цел да се што повеќе запознае личноста на осудениот, па поради тоа од посебно значење за осудениот и вработените во оваа служба е како ќе биде организиран, односно остварен првиот контакт – разговор, а истиот ќе биде извршен непосредно по доаѓањето на осудениот на издржување на казната во приемно одделение.

Работната терапија како најпогодна и најзастапена метода на превоспитување и ресоцијализација на осудените лица ќе се изведува во групи кои работат во кругот на затворот (кујна, перална, кантина, трпезарија, работилници, одржување на зелени површини, економија).

Во групи и индивидуално осудените лица ќе извршуваат работи од најразновиден карактер, почнувајќи од најпрости до најсложени работни задачи (со и без надзор) во разни организации, органи и приватни претпријатија на територија на град Куманово, при што ќе се настојува сите осудени лица кои биле работно ангажирани пред започнувањето на извршување наа казната затвор за време на казната даа бидат ангажирани во истите организации и на истите работни места, доколку не се поврзани со кривичното дело, нешто што е позитивно бидејќи осудениот ќе биде во контакт со работното место и по негово излегување од затвор полесно ќе се вклучи во работата во нашето демократско општество.

Преку целите на индивидуалната работа ќе се постигне унапреување на развојот на личноста и меѓучовечките односи, каде самите осудени лица нема да бидат пасивни туку активни соработници со што ќе се создаде една интеракција која ќе им помогне во решавањето на своите проблеми, како и пружање на помош кога ќе се најдат во криза или се спречени во развојот на нивното свесно и волево поведение.

За полесно реализирање на горенаведеното ќе се користат следниве пристапи:

- ✓ Индивидуализација на работата која ќе се остваруваа преку поединечни и почести контакти со осудените лица, која за нив и нивниот проблем имаат посебно значење
- ✓ Специфичен однос воспитувач - осудено лице е карактеристика од посебно значење што подразбира пристап кој вклучува доверба, толератност, прифаќање на личноста таква каква што е, а пред се подготвеност за соработка во изнаоѓање н најдобар облик на помош во ресоцијализацијата на осуденото лице.
- ✓ Мултидисциплинираност – примена на отворен систем кој ги вклучува социјалните, психолошките, педагошките активности.
- ✓ Хуманистички карактер – почитување на важноста на човековите вредности и потреби, односно унапредување, развој и хуманизација на самото осудено лице.

**ГРУПНА РАБОТА**

Иако оваа форма малку се применува во практиката, оценка е дека истата треба да наоѓа се повеќе примена, бидејќи како резултат на истата, осудените лица се повеќе чувствуваат дека вработените се искрено заинтересирани за нивното добро и за решавање на нивните проблеми.

Осудените лица кои се класифицирани по работни одделенија заедно со воспитувачите и со инструкторите преку групната форма на работа полесно ќе можат да ги остварат целите кои се насочени кон подобро ресоцијализирање и нивно успешно враќање во средината од каде што се дојдени. Некои од осудените лица доаѓаат без доволно или пак делумно познавање од работотите кои се нудат во затворските работни одделенија. Преку примената на групната форма на работа и нивно групирање се зголемува можноста не само за нивно побрзо и полесно стекнување на знаења и вештини кои можат да ги стекнат токму преку класифицирањето во работни одделенија, туку и нивно подобро запознавање и помагање во работните проблеми со кои ке се соочат. Овде треба да се напомене дека кај оваа форма на работа имаме и индивидуални елементи кои го помагаат сето ова се со цел да им биде полесно на осудените лица.

Мора да го напоменеме и фактот дека групната форма на работа и користењее на разните методи и техники на работа ќе зависат од осудените лица кои ја сочинуваат групата т.е од тоа и ќе зависи со каков пристап ќе се тргне. Групната работа ќе овозможи подигање на мотивацијата кај осудените лица и меѓусебно помагање.

*Цели на групната работа*

Секојдневните разговори имаат за цел да постигнат свесно, јасно и отворено изразување. Потребите да се изразуваат на јасен и едноставен начин за да може сите од групата да ги разберат и применат. Така ќе се постигне подобра интеракцција, се стекнува социјална вештина, се зголемува сигурноста, попушта напнатоста. На состаноците ќе се развива способност за дискусија за разрешување на проблемите. се со цел превенција на конфликтите.

Унапредување на слободното вербално изразување на осудените лица. На состаноците секое осудено лице треба слободно да ги изнесува своите мислења, без да се плаши од исмејување и од самите последици. Самиот настап пред групата за повеќето во почетокот е нелагоден, се меѓусебно запознавање и зближување се стекнува поголема самодоверба, способност за совладување на емоционалната напнатост, усвојување на социјални вештини е многу значајна цел.

Стекнување на корисни навики и способност за социјално прилагодување, стекнување на говорни вештини со оспособување чувствата да можат да се иразат и да се научи како може да се дојде до некоја цел или да се задоволи некоја потреба, но и стекнување на вештина за воспоставување на добра комуникација.

Групната работа наложува како потреба и истата ќе се остварува и ќе биде резултирана од се поголемата потреба од стручно и квалитетно работење на службата за превоспитување со осудените лица, на кои индивидуалниот третман не им овозможува доволно место за лично докажување и афирмација на поширок план. Исто така, оваа форма на работа ќе се остварува со осудените лица на кои им е потребна помош од друг аспект, односно помош потребна за постепено вклучување во колективниот начин на живеење и работа, психијатриски случаи, наркомани, алкохолочари, интровертни личности, осуденици кои често запаѓаат во депресија и.т.н. работата со вакви групи доколку постојат ќе се остварува тематски и континуирано во зависност од потребата, а и од личните ставови и конструктивни идеи на осудените лица.

Групните разговори по одредени осуденички проблеми ќе се извршуваат во посебно за тоа наменети простории, со група осуденици кои поседуваат извесни позитивни особини и служат за примет кај другите осудени лица, а кои истовремено можат авторитативно да влијаат кај ссвоите другари.

Сеансите ќе се изведуваат исто така со однапред припремена група на осудени лица, кои поради емотивната незрелост, а понекогаш и висината на казната, нестабилност, често пати се во состојба на депресија и безволност, па поради тоа

ваквите разговори треба да им се овозможат, изјаснување на своите ставови и мислења и празнење на душевен план.

Преку групната форма на работа осудените лица ќе бидат директни парципиенти кои активно ќе учествуваат во процесот на ресоцијализација и рехабилитација.

Во осуденичката средина се среќаваат повеќе групи на осудени лица каде што поголем дел од нив се зависници од опијати, алкохол и насилници. Се со цел да им се помогне на овие осудени лица во борбата против овие пороци и надминување на истите, во рамки на затворот ќе се формираат посебни групи. Кај овие групи ќе се работи со посебен пристап, ќе се користат посебни методи, техники и вештини.

**ЗАКЛУЧОК**

Покрај напред наведените активности, а во зависност од степенот на превоспитувањето проценет преку целокупните показатели на осудениот во текот на издржувањето на казната, како и според видот, висината и ставот кон кривичното дело, службата за превоспитување ќе извршува задачи сврзани со промена на третманот на осудените лица. Ваквата работа оваа служба ќе ја остварува во директна и заедничка постапка и соработка и со другите служби во затворот.

Во текот на секојдневната работа оваа служба ќе извршува и работни задачи кои се сврзани со аналитичко и хронолошко следење на настаните и појавите кај осудените лица, кои стручно и квалитетно ќе ги евидентира во стручното досие.

Ќе контактира со надворешни странки по прашање од делокругот на работата на оваа служба, а во врска со осудените лица (инспектори, судии, адвокати, членови на потесни семејства на осудени лица и сл.).

Вака поставената програмирана работа несомнено дека е сложена и одговорна, па поради тоа во текот на работата ќе треба да се залагаме истата да биде изведувана на потребно стручно ниво, водејќи при тоа сметка законито, хумано и квалитетно да се извршуваат планираните работни задачи, кои пак треба да произлегуваат од пенолошко-педагошка теорија и пракса, со што постојано ќе се продлабочуваат и изнаоѓаат нови мерки, форми и методи за што поуспешно и поквалитетно извршување на сложените работни задачи.

**<u>Одделение за стопанско – инструкторски работи</u>**

Овој одделение ги извршува следниве задачи:

Одржување и евентуална санација на постоечките објекти, вршење поправка на ситен инвентар и разни предмети кои се амортизираат при секојдневна употреба, работи поврзани со правилна употреба и соодветно одржување на системот за парно греење, пречистителна станица, бунарите и резервоарот со вода, агрегатот, вградениот систем за ладење и греење, против пожарна заштита, оддржување на апарати и машини во кујната и пералната на затворот, организирање на земјоделско производство, водење сметка за возниот парк на установата и така натаму.

Задачите од оваа одделение во моментот се извршувани од страна на 5 – извршители кои се вработени во установата на работни места – Раководител на Одделение за стопанско-инструкторски работи, 2 извршители со статутс на помошно-технички лица и тоа, Домаќин и Главен готвач и 2 извршители како инструктори во област на браварско-занаетчиси работи и полјоделие и сточарство.

Во рамките на стопанско – инструкторски одделение планирано е да функционираат столарска и браварска работилница. Производите што ќе произлегуваат од овие погони планирано е да се користат за подмирување на сите потреби за одржување на затворските простории и сета браварија, дрвенарија, парно греење, водовод и канализација. Работилниците ќе бидат ставени во функција по нивно соодветно опремување, за кое неопходни ни се финансиски средства од буџетот на Република Македонија.

Установата во текот на 2016 година ја заврши и постапката за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, за период од 20 години, при што минатата година успеавма на мала површина да насадиме бројни градинарски култури, чии плодови подоцна беа оберени и искористени за потребите на затворската кујна. Поголемиот дел од земјиштето беше узурпирано од непознати корисници со насади на пченица, при што согласно законските одредби од оваа област моравме да сочекаме да биде извршена жетвата, по што од страна на Комисија за воведување во владение на земјоделско земјиште ни беше дадено во владение преостанатото земјиште, со што установата во моментот располага со земјиште во површина од 2 ха, 64 ар и 45 м2. Веднаш по воведувањето во владение, вработените во установата заедно со осудените лице извршија орање и садење на поголема површина со житната култура – пченица. Во зависност од родот, истата планираме да ја искористиме и да добиеме брашно за понатамошно производство на леб и бели пецива. Како проблем кој ни се јавува во веќе започнатото земјоделското производство е недостаток на соодветна земјоделска механизација, како на пример: трактор, мотокултиватор, комбајн, соодветни приклучоци за орање, браздење, сеење, рамнење и слично. Во повеќе наврати поднасено е барање до Агенцијата за управување со одземен имот да ни отстапи на трајно користење некој вид од споменатата механизација, но за сега немаме позитивен одговор.

Се предвидува на земјоделското земјиште да се изградат и неколку пластеници за одгледување на рано градинарски култури кои ќе се користат за исхрана на притворените и осудените лица.

Остварен е контакт и со претставниците на Агенција за потикнување за развој на земјоделството, заради информирање и евентуално аплицирање за субвенции кои ги нуди државата за набавка на овошни и лозни насади, како и земјоделска механизација.

Во склоп на земјоделското земјиште управата на затворот во блиска иднина планира да изгради фарма за одгледување на свињи, фарма за одгледување на живина и фарма за одгледување на говеда и овци. Во прилог на плановите за изградба на фарми за одгледување на домашни животни е и фактот што во околина на затворот постојат огромни површини на пасишта, во сопственост на Р. Македонија. Производите кои ќе произлезат од работењето на фармите во вид на млеко, месо и јајца ќе се користат за исхрана на притворените и осудените лица.

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Во рамките на одделението за финансиски прашања се вршат работи и задачи поврзани со доследна примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и финансиското работење, потоа управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите во Установата, подготовка, извршување и известување за извршување на буџетот, спроведување на ex-ante и ex – post финансиска контрола, работи и работни задачи од областа на финансиско и материјално работење, пресметката и исплатата на платите и други парични надоместоци по основ на работата, евиденциите на сите промени во врска со средствата за работа, подготовка на периодичните и годишни пресметки, како и годишната предлог пресметка за буџетските средства на органот и друго.

Во моментот во ова одделение се вработени **4** извршители, на следниве работни места: Буџетска координација со звање Советник, Буџетска контрола со звање Виш соработник, Виш референт за магацинско работење и Виш референт за материјално работење.

**<u>Одделение за управување со човечки ресурси</u>**

Во склоп на одделението за управување со човечки ресурси се вршат работни задачи од областа на вработување, мобилност, оценување, стручно оспособување и усовршување, мотивација, подобрување на меѓучовечките односи, како и внесување и

користење на податоците од информативниот систем за човечки ресурси на Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка.

Во оваа одделение согласно Правилникот за систематизација на работните места, систематизирани се три работни места, при што пополнето е работното место – Раководител на одделение и Персонална евиденција со звање Самостоен референт.

**<u>Отворено одделение во Крива Паланка</u>**

Отвореното одделение во Крива Паланка се наоѓа во состав на КПУ Затвор – Куманово и во него казна затвор издржуваат машки лица примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до 3-три години во подрачјето на Основниот Суд во Крива Паланка и Кратово. Сместувачкиот капацитетот на одделението изнесува 23 осудени лица. Со оглед на тоа што станува збор за отворено одделение во него казна затвор ќе издржуваат осудени лица кои се класифицирани во отворено одделение, група А.

Во оваа одделение се вршат работи и работни задачи од делокругот на Установата, а се однесуваат на: физичко обезбедување на осудените лица, обезбедување на објектите во склоп на кругот на установата, ресоцијализација на осудените лица согласно Куќниот ред за осудени лица, организирање на работа во стручно - инструкторска дејност, како и други работи и работни задачи определени со закон, друг пропис, упатства, планови, наредби и други општи и поединечни акти донесени од Директорот на Установата и останати надлежни органи.

Во Отвореното одделение во Крива Паланка работните задачи ги извршуваат 9 – извршители, од кои 6 припадници на Затворска полиција кои ротираат, и 3 извршители во цивилниот сектор кои се со статус на административни службеници.

Од тројцата вработени административни службеници, еден вработен ги врши работите од областа на третманот на осудените лице, еден е распореден како контер – билансист, додека преостанатиот вработен ги врши работите од стручно – инструктроска дејност односно како Самостоен референт за едукација на осудените лица од областа на браварско – занаетчиски работи.

**<u>Здравствена заштита на осудените и притворените лица</u>**

Секторот за здравствена заштита ќе биде ангажиран да пружа навремена здравствена заштита на притворените и осудените лица која ќе се состои од следниве делови:

- превентивна здравствена заштита на притворените и осудените лица;
- примарна здравствена заштита на притворените и осудените лица;
- специјалистичка и болничка здравствена заштита;
- тестирање на присутност на опијати, марихуана, хероин, кокаин, како и чување и лекување на лица зависници од наркотични средства;
- тестирање на хив вирус и хепатит Б и Ц;
- стоматолошка заштита.

Затвор – Куманово со отворено одделение во Крива Паланка располага со современо опремена болница наменета за примарна здравствена заштита на притворените и осудените лица, и истата во моментот ја опслужуваат вработени во "Здравствениот Дом Куманово". Установата во текот на 2014 година се договори со Здравствениот Дом да ни обезбеди нивни вработени кои ќе ја вршат примарната здравствена заштита на осудените и притворените лица, согласно членот 124 став 2 од

Законот за изменување и дополнување на законот за извршување на санкциите ("Службен весник на РМ" бр.170/2013).

- Превентивна здравствена заштита

Оваа здравствена заштита го опфаќа комплетниот преглед на притворените и осудените лица и отворање на здравствените картони. На секое лице при првиот преглед му се објаснува начинот на зачувување на психофизичката и здравствената состојба во затворски услови, а доколку се јави потреба им се ординира соодветна терапија. Вработениот општ лекар по медицина и медицински техничар постојано и повремено вршат контроли во собите каде што се сместени притворените и осудените лица за утврдување на хигиената и условите за живеење и вршат постојана контрола во затворската кујна со посебен акцент на квалитетот и подготовката на храната.

- Примарна здравствена заштита

Примарната здравствена заштита е секојдневна, така да прегледите се вршат секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот, при што се ординира потребната терапија по одредување на дијагнозите.

- Специјалистичка и болничка здравствена заштита

Оваа здравствена заштита се организира по потреба во Медицинскиот центар во Куманово, а доколку се работи за сериозен здравствен проблем за кој не може да одговори медицинскиот центар во Куманово, притвореното или осуденото лице се носи согласно лекарскиот упат во надлежните институции.

Одредувањето и утврдувањето на терапијата на нарко зависниците и утврдувањето на психосоматската состојба на притворените и осудените лица ја врши специјалист неуропсихијатар, вработен во Општа Болница Куманово, со која Установата има потпишано соодветен договор за деловно – техничка соработка.

- Стоматолошка заштита

Во стоматолошката ординација се вршат стоматолошки зафати и интервенции за осудените и притворените лица, за што се води соодветна евиденција во соодветни амбулантски дневник и здравствени картони. Доколку се јави потреба за специјалистичка интервенција истите се упатувани на специјалисти. Стоматолошката заштита во установата се врши исто така од страна на вработени стоматолози и стоматолошки техничари при Здравствениот Дом Куманово.

## ЗАТВОРСКА ПОЛИЦИЈА

Установата во моментот во овој сектор има вработено **73** извршител, од кои **67** извршители се распоредени и своите работни задачи ги извршуваат во Затвор Куманово и **6** извршители распоредени на работните задачи во Отворено одделение во Крива Паланка, кои постојано ротираат. Согласно Правилникот за систематизација на работните места, вработените во затворска полиција се распоредени на следниот начин:

-Заповедник на затворска полиција – **1** извршител:

-Заменик заповедник – **1** извршител,

-Командир на затворска полиција – **2** извршители;

-Помошник командир во затворска полиција – **1** извршител,

-Помлад соработник во затворска полиција – **2** извршител,

-Виш затворски полицаец – **42** извршители;

-Постар затворски полицаец – **14** извршители;

-Затворски полицаец – **2** извршитела

-Помлад затворски полицаец – **8** извршител.

Основната задача на овој сектор е одржување на внатрешно и надворешно обезбедување на установата, спречување на бегства, одржување на внатрешен ред и дисциплина и спроведување на осудени и притворени лица до надлежните судови и други надлежни институции.

Внатрешното обезбедување подразбира физичко обезбедување на затворениот дел од затворот, во кој се сместени лица кои издржуваат мерка притвор и осудените лица класификувани во затвореното одделение, полуотвореното и отвореното одделение. Покрај обезбедување, се врши претрес на притворените лица, се овозможува видување на притворените со нивните семејства и бранители (адвокати), истрага на истражните судии и инспекторите од МВР на притворените и осудените лица во присуство на припадник на Затворска полиција, претрес на храна, облека, претрес на притворските и затвореничките простории и други обврски утврдени со Куќниот ред за издржување на мерката притвор, ЗИС и општите акти на затворот.

Припадниците на Затворска полиција вршат и физичко обезбедување на просториите во кои живеат, престојуваат и работат осудените лица, одржување на севкупниот ред и дисциплина во колективниот живот на осудените лица, спроведување до надлежните судови и органи надвор од установата согласно доставените барања и одобренија за судска расправа, вештачење, здравствена нега, преместување во други КПУ, како и брзо интервенирање и спречување на самоповредување на осудените и притворените лица. Ја организира работата во случај на асистенција и интервенција по разни основи кои можат да доведат до нарушување на редот и мирот во поголем обем во установата.

Надворешното обезбедување е организирано со помош на камери и друг вид на аудио и видео – безбедносна техника, а истото се врши и по физички пат со помош на патроли од страна на вработени во затворска полиција, по должината на целокупната ограда на установата.

На влезот во Установата се распоредени двајца вработени од Затворска полиција кои го контролираат влезот на сите лица во затворот, со легитимирање на надворешни странки – лица кои ќе доаѓаат во установата за извршување на службени работи, како и други работи утврдени со општите акти на установата. Исто така го контролираат излезот на сите лица од затворот.

Постапката за прием на пратки за притворените и осудените лица е организиран на следниов начин:

Притворените лица кои ја издржуваат мерката притвор во КПУ Затвор – Куманово со отворено одделение во Крива Паланка од членовите на нивните семејства можат да примаат храна во количини до 5-пет килограми, секој работен ден.

Купената храна која им се носи на притворените лица мора да биде спакувана во пластична амбалажа и добро затворена со декларација.

Се забранува носење и прием на храна која е во стаклена и метална амбалажа, рефус (од кој со сигурност не може да се утврди за што се работи), разни месени пекарски прехранбени артикли (бureци, пити, погачи и др.), храна во метални конзерви и разни алкохолни пијалоци.

Облека, обувки, долен веш и прибор за лична хигиена, може да се донесе веднаш по приемот во затворот и два пати месечно во деновите одредени за посета.

Приемот на пратките се врши на влезот во установата, по извршена легитимација на лицето кое ја носи. Пратката поминува на скенерот и се констатира дали може да се прими. По тоа пратката добива шифра (троцифрен број), која се запишува во посебна тетратка. Шифрата се пишува во три примероци на листата за прием на храна, во која се заведуваат сите артикли кои се носат, од кои едниот примерок се дава на странката,

вториот останува за установата, а додека третиот примерок се дава на притвореното или осуденото лице. По ова пратката се транспортира во дежурана, каде под шифрата повторно се врши детален претрес. По завршениот претрес на сите пратки, се зема тетратката со шифри од влезот на установата и се врши дешифрирање на пратките. Пратките се предаваат на притворените или осудените лица при што му се дава еден примерок од образецот за прием на пратка, а на третиот примерок се потпишува притвореното или осуденото лице. На овој начин се зголемила безбедноста при прием на пратки.

Постапката за организирање на посети на осудените лица во установата ќе се реализира согласно Протоколот за посета, кој предвидува следново:

- **Посетата на осудено лице** претставува процес на остварување на контакти на осуденото лице со своето потесно семејство и други лица определени со закон, заради одржување на односите со семејството и надворешниот свет, поттикнување на учеството на осуденото лице во остварувањето на процесот на ресоцијализацијата и негово успешно враќање во заедницата по издржувањето на казната.

- **Посетител:** е физичко лице кое има право да го посетува осуденото лице во затворот**:**
    - Членови на потесното семејство на осуденото лице;
    - Бранител или полномошник кој го застапува осуденото лице во правни и други работи (по барање на осуденото лице);
    - Конзуларен претставник на државата чиј државјанин е осуденото лице (по претходна најава и добиено одобрение за посета).
- **Просторија за посети** е посебно определена просторија во нашата установа која се наоѓа на самиот влез во затворот. Истата е секогаш чиста, осветлена, затоплена во зависност од временските прилики, проветрена, со доволен број на столови и маси и санитарен чвор и во која се остварува посетата на осуденото лице и неговите посетители.
- **Посета на осуденото лице - како право**
- терминот и должината на посетите е уредено со Куќниот ред на установата;
- истото може да трае најдолго до 60 минути;
- посетата може да се прекине ако посетителот или осуденото лице не се придржуваат на правилата за посета.

- **Посета на осудено лице како погодност -** се состои во остварување на почести контакти на осуденото лице со надворешниот свет и тоа:

    - продолжени посети или посети без надзор во просториите на установата;
    - престој со брачен или вонбрачен другар во посебна просторија без надзор.

**Остварените посети се пропратени со следниве документи:**
- Список на осудени лица кои имаат право/погодност на остварување на посета за престојниот викенд;
- Картон за евиденција на посети за секое осудено лице;
- Книга за евиденција на посетители.

Посетите на осудените лица се вршат за време на викендите. Се врши идентификација на посетителот во поглед на тоа дали го има внесено во картонот за посета на осуденото лице. Потоа се врши проверка дали осуденото лице има право на посета. Се врши претрес на посетителот кој поминува низ метал детектор врата и доколку не поседува недозволени предмети се носи во чекална, каде се чека да се организира група за посета. Од како ќе се организира групата за посета во просторијата за посети се донесуваат осудените лица кои имаат посета, а во исто време се сместуваат и посетителите при што посетата се одвива во присуство на

службено лице. По завршувањето на посетата осудените лица се враќаат во своите простории, а пак посетителите ја напуштаат установата.

Постапката за организирање на посети на притворени лица во установата ќе се реализира на следниов начин:

- **Посетата на притвореното лице** претставува процес на остварување на контакти на притвореното лице со своето потесно семејство и други лица определени со закон, заради одржување на односите со семејството и надворешниот свет.

- **Посетител:** е физичко лице кое кое има право да го посетува притвореното лице во затворот:

  - Членови на потесното семејство на притвореното лице;
  - Бранител или полномошник кој го застапува притвореното лице во правни и други работи;
  - Конзуларен претставник на државата чиј државјанин е притвореното лице;
  - Истражни судии;
  - Инспектори вработени во Министерството за внатрешни работи.
  - Посетите може да бидат остварени само по претходно добиено одобрение за посета од страна на надлежниот суд.

- **Просторија за посети** е посебно определена просторија во нашата установа која се наоѓа во склоп на затворот. Истата е секогаш чиста, осветлена, затоплена во зависност од временските прилики, проветрена, и во која се остварува посетата на притвореното лице и неговите посетители. Посетителот и притвореното лице имаат само визуелен контакт. Посетата се остварува во просторија во присуство на областено службено лице, а додека посетата од страна на бранител или полномошник кој го застапува притвореното лице се остварува во адвокатските простории и таа може да биде во присуство на овластено службено лице или без присуство во согласност на посетата која ја одобрил надлежниот суд. Посетите од страна на истражните судии и инспекторите се вршат во просторијата наменета за истражни дејствија.

- **Посета на притвореното лице - како право**

- терминот и должината на посетите е уредено со Правилникот за куќен ред за издржување на мерката притвор во притворските одделенија на установите;
- истото може да трае од 30 до 60 минути;
- посетата може да се прекине ако посетителот или притвореното лице не се придржуваат на правилата за посета;
- посетата од страна на бранителот, истражните судии и инспекторите не е временски ограничено во текот на работното време.

**Остварените посети се пропратени со следниве документи:**

- Книга за евиденција за посети на притворените лица.

Посетите на притворените лица од страна на членовите на нивното потесно семејство се вршат 4-четири дена во текот на месецот и тоа: на 1-ви, 2-ри, 15-ти и 16-ти во текот на месецот, а со претходна дозвола од надлежниот суд се остваруваат и вонредни посети. Доколку некој од датумите наведени погоре е неработен ден сите посети се поместуваат редоследно во наредните работни денови.

Се врши идентификација на посетителот во поглед на тоа дали има потврда за посета од надлежниот суд. Потоа се врши проверка за кој кривичен предмет е посетителот на притвореното лице и се формира група од најмногу 5-пет посетители при што најстрого се внимава да не има во групата посетители за ист кривичен предмет. Се врши претрес на посетителите кои поминуваат низ метал детектор врата и доколку не поседуваат недозволени предмети се носат во чекална. Од како ќе се организира групата за посета во просторијата за посети се донесуваат притворените лица кои имаат

посета, а во исто време се сместуваат во видувалната при што посетата се одвива во присуство на службено лице. По завршувањето на посетата притворените лица се враќаат во притвор, а пак посетителите ја напуштаат установата.

Со Затворска полиција раководи Заповедник на затворска полиција, а му помага Заменик заповедник на затворска полиција, работните задачи ги извршуваат преку 2-двајца Командири на одделенија и 2-двајца со овластување да вршат командирска работа, како и нивни заменици. Припадниците на затворска полиција работат во 24-часовни смени, непрекинато.

Работните задачи ги извршуваат Командирите на одделенија со помош на нивните заменици и надзорниците кои се наоѓаат во смена.

При вршење на стражарската служба, припадниците на Затворска полиција користат огнено оружје и посебна опрема според видот на обезбедувањето кое е уредено согласно важечките законски и подзаконски акти.

Работата на обезбедувањето е организирано на начин кој ќе овозможи непречено и ефикасно извршување на работите и задачите од безбедносен карактер, а особено:

- обезбедување присуство на осудените и притворените лица, како и попречување на нивните евентуални самоволни оддалечување и бегства од установата;
- одржување на дисциплината кај истите и нивно постапување според Куќниот ред за осудените и притворените лица;
- исполнување на севкупните права на притворените и осудените лица, определени со одредбите од Куќниот ред за осудените и притворените лица;
- спречување на секакво недозволено контактирање на осудените и притворените лица со лица надвор од установата и спречување секакво неконтролирано влегување на трети лица во кругот на установата.

Што се однесува до прашањето за кадровскиот потенцијал во текот на 2025 година имаме 3 унапредувања и 1 сеуште не реализирано вработување.

Затвор Куманово во текот на 2025 година има спроведено 3-три дисциплински постапка со изречени парични казни против припадници на Затворска полиција и 2-две дисциплински неуредности со изречени парични казни против припадници на Затворска полиција. Воедно има спроведена дисциплинска постапка за административен службеник во која е изречена парична казна.

Затвор Куманово во поглед на обврските за вршењето на спроводи на притворените и осудените лица до надлежните судови и органи надвор од установата, вештачења, здравствена нега, преместување во други КПУ ги остварува секојдневно со помош на две возила, специјализирани за оваа намена.

Подготвил:
Александар Стојановски
м-р Викторија Соларска

Д И Р Е К Т О Р
на КПУ ЗАТВОР - КУМАНОВО
со Отворено одделение во Крива Паланка

ОЛИВЕР ЦВЕТКОВСКИ

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО**

**со Отворено Одделение во Крива Паланка**

Куманово,11.12.2025 год.

Бр:0302-2773/2

**Министерство за правда**

**Казнено поправна установа**

**Затвор Куманово**

**со Отворено одделение**

**во Крива Паланка**


с. Кшање б.б.
1300 Куманово
Република Македонија

Тел. (031) 411-433
Фах. (031) 411-433
Сајт: www.pravda.gov.mk


Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите - Скопје
MINISTRIA E DREJTËSISË
Drejtoria për ekzekutimin e sanksioneve - Shkup

| Примено: Pranuar: | 16-12-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број: Numri | Прилог: Shtojca | Вредност: Vlera |
| 08 | 293/2 | | |

**ДО:**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**-УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: План и програма за работа на КПУ Затвор Куманово за 2026 година – се доставува**

Почитувани,

КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка, во прилог на овој акт Ви доставува План и програма за работа на установата за 2026 година, на Ваше запознавање.

Со почит,

**ДОСТАВЕНО ДО:**
-Архива,
-Одд. за човечки ресурси,
-УИС

**ДИРЕКТОР,**
**ОЛИВЕР ЦВЕТКОВСКИ**